**Известување за концентрација со која Едуард Кеттнер ГмбХ, Австрија стекнува контрола врз Фровис ГмбХ, Австрија (предмет бр. 08-125/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 18.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Концентрацијата за која се поднесува известување се однесува на стекнување единствена контрола од страна **на Едуард Кеттнер ГмбХ, со адреса** на Каплан Аллее бр.5, 7025 Поттелсдорф, Австрија, врз друштвото Фровис ГмбХ, со адреса на Студа 12, 6800 Фелдкирх, Австрија, преку купување на акции.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

**Едуард Кеттнер ГмбХ** е трговец на мало со опрема за лов, облека за надвор и невоено оружје. Работи на неколку локации во Австрија. **Едуард Кеттнер ГмбХ** нема претпријатија-ќерки, филијали, претставништва или активности во Северна Македонија и не оствари продажба на клиенти во Северна Македонија во 2022 година.

Едуард Кеттнер ГмбХ е дел од групацијата ШИХ (*SIH*), која има едно претпријатие-ќерка инкорпорирано во Северна Македонија, БАУМИТ д.о.о. Скопје, активно во снабдувањето со производи на БАУМИТ како суви малтери, фасадни системи, изолациони плочи и композитен систем за надворешна термоизолација.

**Фровис ГмбХ** е друштво специјализирано за спортско оружје. Фровис ГмбХ управува со локација во Форарлберг, австриска провинција. Произведува, поправа и сервисира ловечко и спортско оружје.

Фровис ГмбХ нема претпријатија-ќерки, филијали, претставништва или активности во Северна Македонија и не оствари продажба на клиенти во Северна Македонија во 2022 година.

Според подносителот на известувањето како релевантен пазар за оценка на предметната концентрација би можел да се дефинира пазарот за ловечко / спортско оружје.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

22.08.2023 година
Скопје